ИТ СЕКТОР

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Бр.44-1236/1
Скопје, 18 февруари 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | | 21-02-2020 | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 51- | 1798 | /1 | |

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**<u>С К О П Ј Е</u>**

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.44-1236/1 од 18 февруари 2020 година.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

**ПРИЛОГ 1:**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: м-р Ирма Манџева/Зоран Бојарчевски
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија” бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 февруари 2020 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за утврдување на категорија на угостителски објект

1. Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел „Филипов“, Кочани со седиште на ул. „Тодосие Паунов“ бр.125 Кочани ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб страната на Владата на Република Северна Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ДТПУ Филипов Петрол ДООЕЛ Кочани со седиште на ул.„Тодосие Паунов“ бр.125 Кочани поднесе барање бр.УП1 13-390 од 17.5.2019 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел „Филипов“, Кочани, со седиште на ул.„Тодосие Паунов“ бр.125 Кочани, за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди.
Комисијата за категоризација на угостителски објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр.УП1 13-390 од 31.10.2019 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност - Прилог 1 („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16), Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Комисијата за категоризација на угостителски објекти донесува решение за утврдување на категорија на угостителски објект.
Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект се издава со важност од три години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр.44-1236/1**
**18 февруари 2020 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Радмила Шекеринска-Јанковска**